Бр./Nr 12-866/3
04-08-2021 г./v.

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 2 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата и чл. 4 од Упатството за рангирање на предметите за постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата по основ на доставени пријави, постапувајќи по предмет оформен по добиена пријава од познат подносител, на второто продолжение од 50-тата седница одржана на 23.07.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата поднесена на 23.02.2021 година од /// до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-866/1 од 23.02.2021 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), Државната комисија за спречување на корупцијата не утврди елементи за нејзино надлежно постапување по погоре наведениот предмет.

Предметот со архивски број 12-866 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-866/1 од 23.02.2021 година е оформен врз основа на добиена пријава од ///.

Во пријавата се бара Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) да интервенира во Државниот санитарен и здравствен инспекторат, бидејќи /// /// /// /// /// /// со своите надлежности /// ///, го /// лекувањето на /// и се мешала во судски спор /// бр. /// од /// година, каде личен интерес имал /// /// /// ///. Подносителот побара од ДКСК итно да превземе активности од нејзина законска надлежност, а во прилог достави еден доказ.

По разгледување на наводите во пријавата и приложениот доказ, ДКСК констатира дека истите не се однесуваат на сомневање за можна злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба од службено лице заради остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг, за што е надлежна ДКСК согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19). Оттаму ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување во конкретниот случај и предметот да се затвори и да се архивира. Ова од причина што согласно со одредбите на погоре цитираниот Закон, ДКСК нема надлежност да интервенира во Државниот санитарен и здравствен инспекторат, во смисла на тоа да дава насоки и упатства за негово надлежно законско постапување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: С. П. Д., член на ДКСК